РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-3139/2

11-04-2023 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 84-тата седница одржано на 31.03.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-3139/1 од 09.09.2020 година, со наводи за непостапување на надлежни органи по пријави за вознемирување и незаконско градење **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема надлежност за постапување во предметниот случај.

Предметот со број 12-3139/1 од 09.09.2020 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител на ден 09.09.2020 година поднесена е пријава со наводи за непостапување на надлежни органи по пријави за вознемирување и незаконско градење и оформен е предмет број 12-3139/1 од 09.09.2020 година.

Во пријавата подносителот наведува дека две фамилии, жители на ул. /// бр./// ///, во повеќе наврати биле вознемирувани од страна на соседот /// со кого имале недоразбирања во врска со дејствија кои тој ги преземал на нивниот имот при изградба на куќа за која подносителот во пријавата навел дека е незаконски изградена на место на стара куќа која претходно ја купил.

Како што е наведено во пријавата, претставници на семејствата кои живеат на ул. /// бр./// /// случајот веќе го пријавиле на градоначалникот на Општина ///. Воедно, во пријавата е наведено и дека на локацијата дошол овластен градежен инспектор, но постапувањето на надлежните органи немало никаков ефект поради наводно вршење на влијание од страна на соседот ///.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата се содржани општи наводи, без посочување на конкретни службени лица, а воедно, во истата

станува збор за наводи по прашање кое не е во рамки на надлежноста на ДКСК, по што оцени дека нема надлежност за постапување во предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: А.Р.М.
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик-претседател**
**Катица Николовска**